Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 249//0306
13.05 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 24.04.2025 година, врз основа на примена жалба од **Жарко Чулиќ,** ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА**

Текстот/видеото со наслов **„ВИДЕО: Последен поздрав од пријателите на загинатите во пожарот во Кочани“**, објавени во веб страната на ТВ 21 (mk.tv21.tv) на 20.03.2025 година, не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

Жалителот до СЕММ упати жалба за текстот/видеото со наслов „ВИДЕО: Последен поздрав од пријателите на загинатите во пожарот во Кочани“, објавен во веб страната на ТВ 21 (mk.tv21.tv) на 20.03.2025 година, при што се жали на нарушување на приватноста и незаштитена малолетна публика.

Во жалбата е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата).

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата. Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.
До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот/видеото со наслов „ВИДЕО: Последен поздрав од пријателите на загинатите во пожарот во Кочани“, објавен на веб страната на ТВ 21 (mk.tv21.tv) на 20.03.2025 година, не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, односно не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за вест со текст и видео која е во рамките на дневното информирање за погребот на настраданите од трагедијата во Кочани, која што се случи во дискотеката Пулс на 16-ти март.

Комисијата констатира дека се работи за трагедија што предизвика длабока колективна и лична болка и тага, поради што настанот беше во фокусот не само на домашната, туку и на меѓународната јавност. Ваквите настани, поради нивниот трагичен карактер и општествено значење, природно предизвикуваат широк јавен интерес, што го оправдува медиумското покривање кое мора да биде внимателно и соодветно насочено кон изразување почит кон жртвите и сочувство на нивните најблиски.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

По прегледот на оспорената содржина, Комисијата констатираше дека станува збор за вест објавена на веб страната на медиумот како најава за настанот што се случи два часа подоцна и дека од етички и професионален аспект нема ништо спорно во известувањето на медиумот. Од тие причини Комисијата донесе одлука дека не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинари на Македонија.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев, Зериета Јајага и Жана Божиновска.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595